Арх.бр. УП1-15 203/2022

Дата 10-02-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Пробиштип, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на 20(10)kV, подземен кабелски вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на дел од КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип.**

Должината на трасата изнесува околу 140 м.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y23021** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата на 20(10)kV, подземен кабелски вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на дел од КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при за изградба на 20(10)kV, подземен кабелски вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на дел од КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
*Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје*
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација изградба на 20(10)kV, подземен кабелски вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на дел од КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Пробиштип, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 37629 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на 20(10)kV, подземен кабелски вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на дел од КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип. Должината на трасата изнесува околу 140 м.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на 20(10)kV, подземен кабелски вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на дел од КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 203/2022 од 02.02.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на 20(10)kV, подземен кабелски вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на дел од КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на 20(10)kV, подземен кабелски вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на дел од КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип,** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнациска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk